Уп. Бр.08-103/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и ЦБЕ ИНВЕСТ, работење со недвижности, д.о.о., со седиште на Технолошки парк 20, 1000 Љубљана, Словенија преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 09.08.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на заедничка контрола од страна на АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и ЦБЕ ИНВЕСТ, работење со недвижности, д.о.о., со седиште на Технолошки парк 20, 1000 Љубљана, Словенија над КУАДРО, работење со недвижности д.о.о., со седиште на Технолошки парк 20, 1000 Љубљана, Словенија по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.
Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 07.07.2023 година а дополнето на 24.07.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и ЦБЕ ИНВЕСТ, работење со недвижности, д.о.о., со седиште на Технолошки парк 20, 1000 Љубљана, Словенија со која истите ќе стекнат заедничка контрола над КУАДРО, работење со недвижности д.о.о., со седиште на Технолошки парк 20, 1000 Љубљана, Словенија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о.** е активно во областа на управување со фондови со регистрирана дејност активности на управување со фондови.

Алфи Групата <u>има регистрирано присуство</u> во Република Северна Македонија преку:

- АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје, кое е активно во трговија на големо со друга стока за домаќинства.

**ЦБЕ ИНВЕСТ** е компанија позната како професионален и доверлив партнер во проектирање, подготовка и управување со изградба на згради која обезбедува рационален, економичен и распореден пристап во сите фази на изградба. Регистрирана дејност на друштвото е изнајмување управување на сопствен/изнајмен недвижен имот.

ЦБЕ ИНВЕСТ нема поврзани друштва, подружници или претставништва и не генерира никаков приход на територијата на Република Северна Македонија.

**КУАДРО** е друштво со посебни намени (SPV) основано во 2022 година од страна на Подносителот ЦБЕ ИНВЕСТ за целите на проектот за комерцијалната зграда Quadro.

КУАДРО нема поврзани друштва, подружници или претставништва и не генерира никаков приход на територијата на Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.
Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**